# ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 Декември 2011 и Извештај на ревизорите

Скопје, Март 2012 година

**СОДРЖИНА**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори до акционерите на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола | |
| Одговорност на Менаџментот | 4 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на успех | 5 |
| Извештај за останата сеопфатна добивка | 6 |
| Извештај за финансиската состојба | 7 |
| Извештај за промените во главнината | 8 |
| Извештај за паричните текови | 9 |
| Белешки кон Финансиските извештаи | 10-28 |

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 e -mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола (Натаму: Друштвото) коишто го вклучуваат Извештајот на финансиската состојба заклучно со 31 Декември 2011 година, како и на соодветниот Биланс на успех, Извештајот за останата сеопфатна добивка, Извештајот за промените во главнината и Извештајот за паричните текови за годината што завршува на соодветниот датум и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорноста на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

***Одговорноста на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**РАФАЈЛОВСКИ ревизија**

**ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е -mail: info@rafajlovski.com.mk**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (продолжение)**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА**

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 Декември 2011 финансиската успешност и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

***Обрнување внимание***

Без да изразиме резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на Белешката 17.2 кон Финансиските извештаи:

- Друштвото за непочитување на постапката за отуѓување на стекнатите сопствени акции кои изнесуваат над една десетина од основната главнина во законскиот рок од три години има добиено пресуда од Основниот Суд Битола која е обжалена.

Скопје, 19 Март 2012 година

Овластен ревизор

Софија Јанчева-Белчева

Директор

Јасмина Рафајловска

Друштво за ревизија
РАФАЈЛОВСКИ
РЕВИЗИЈА
ДОО
СКОПЈЕ

## ОДГОВОРНОСТ НА МЕНАЏМЕНТОТ
## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Приложените Финансиски извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола, на страниците 5 до 9 и Белешките кон истите на страниците 10 до 28 се одговорност и се одобруваат од менаџментот.

Друштвото го води своето сметководство во согласност со законските прописи, со принципите и правилата кои важат во Република Македонија. Приложените Финансиски извештаи за 2010 година се ревидирани со што е обезбедена нивна споредливост со Финансиските извештаи за 2011 година. Финансиските извештаи вклучуваат одредени износи кои се базираат на најдобрите можни проценки и оценки на датумот на составувањето на Извештајот.

Врз основа на вистинитоста и објективноста на Финансиските извештаи, менаџментот има развиено и одржува внатрешна структура за контроли. Менаџментот верува дека внатрешните контроли овозможуваат сигурност во однос на бонитетот на финансиските евиденции и дека средствата се правилно евидентирани и вреднувани во сметководството. Внатрешниот процес на контрола исто така го вклучува и информирањето на вработените од страна на менаџментот за политиките кои овозможуваат етичко водење на деловното однесување.

Независните ревизори, Рафајловски ревизија ДОО - Скопје, беа ангажирани да извршат ревизија на овие Финансиски извештаи и нивниот Извештај е даден на страниците 2 и 3.

Драги Петровски
Извршен Директор
на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола

Г-ѓа Славица Дреноска
Финансиски Директор
на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола

# БИЛАНС НА УСПЕХ
## за годината завршена на
## 31 Декември 2011 и 2010
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2011 | 31 Декември 2010 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | 4 | 1.023.716 | 759.636 |
| Останати приходи од дејноста | 5 | 82.695 | 54.976 |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 11 | 1.297.090 | 903.932 |
| Употребени залихи | | (1.512.753) | (1.182.020) |
| Трошоци на вработените | 6 | (246.278) | (237.692) |
| Амортизација | 10,11 | (63.861) | (63.351) |
| Останати трошоци и расходи од дејноста | 7 | (315.314) | (280.894) |
| Нето приходи од финансирање | 8 | 7.517 | 3.224 |
| Удел во добивката на придружени друштва | | - | - |
| ***Добивка/Загуба од редовно работење*** | | ***272.812*** | ***(42.189)*** |
| Нето добивка/загуба од прекинати работења | | - | - |
| ***Добивка/Загуба пред оданочување*** | | ***272.812*** | ***(42.189)*** |
| Данок на добивка | 9 | (2.788) | (3.591) |
| Одложени даночни приходи | | - | - |
| Одложени даночни расходи | | - | - |
| ***Нето Добивка/Загуба за деловната година*** | | ***270.024*** | ***(45.780)*** |
| *ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО АКЦИЈА (ВО ДЕНАРИ)* | 18 | ***1.640,67*** | ***(284,17)*** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

Финансов Директор
Г-ѓа Славица Дреноска

Извршен Директор
Драги Петровски

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
## за годината завршена на 31 Декември 2011 и 2010

(во Денари)

| | Беле-шка | 31 Декември 2011 | 31 Декември 2010 |
|---|---|---|---|
| *Добивка/Загуба за периодот* | | ***270.024*** | ***(45.780)*** |
| ***Останата сеопфатна Добивка/Загуба*** | | | |
| Добивки/Загуби кои произлегуваат од преведување на странско работење | | | - |
| Добивки/Загуби од повторно мерење на финансиски средства расположиви за продажба | | (57.404) | (63.897) |
| Ефективен дел од добивки/загуби од хеџинг инструменти за хеџирање на парични текови | | | - |
| Промени на ревалоризационите резерви за материјални и нематеријални средства | | | - |
| Актуарски добивки/загуби на дефинирани планови за користи на вработените | | | - |
| Удел во останата сеопфатна добивка/загуба на придружни друштва | | | - |
| ***Останата сеопфатна Добивка/Загуба-бруто*** | **19** | **(57.404)** | **(63.897)** |
| ***Данок на добивка на компоненти на останата сеопфатна добивка/Загуба*** | | ***5.740*** | ***6.390*** |
| ***Останата сеопфатна Добивка/Загуба-нето*** | | ***(51.664)*** | ***(57.507)*** |
| ***ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА*** | | ***218.360*** | ***(103.287)*** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

Финансов Директор
Г-ѓа Славица Древоска

Извршен Директор
Драги Петровски

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
## на 31 Декември 2011 и 2010
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2011 | 31 Декември 2010 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема (нето) | 10 | 681.688 | 673.430 |
| Аванси за материјални средства | 10 | 22.816 | 388 |
| Биолошки средства | 11 | 93.372 | 94.215 |
| Долгорочни финансиски средства | 12 | 231.094 | 288.497 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *1.028.970* | *1.056.530* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Залихи | 13 | 368.045 | 279.002 |
| Биолошки средства | 11 | 381.234 | 320.773 |
| Краткорочни побарувања и краткорочни финансиски средства | 14 | 288.905 | 246.339 |
| Депозити орочени во банки | 15 | 450 | 450 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 16 | 84.928 | 23.865 |
| АВР | | 524 | 347 |
| *Вкупно тековни средства* | | *1.124.086* | *870.776* |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***2.153.056*** | ***1.927.306*** |
| **Б ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Акционерски капитал | 17 | 738.184 | 738.184 |
| Сопствени акции | | (206.630) | (206.630) |
| Законски и други резерви | | 136.241 | 197.829 |
| Реинвестирана добивка | | 120.376 | 120.376 |
| Акумулирана (задржана) добивка/загуба | | 1.137.904 | 863.696 |
| *Вкупно главнина и резерви* | | *1.926.075* | *1.713.455* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| Долгорочни обврски за кредити | 20 | 65.638 | 65.638 |
| Долгорочни обврски кон вработени | 21 | 14.793 | 9.609 |
| Одложен данок | | - | - |
| *Вкупно нетековни обврски* | | 80.431 | 75.247 |
| Обврски спрема добавувачи и други обврски | 22 | 138.758 | 128.493 |
| Краткорочни обврски за кредити | 23 | - | - |
| ПВР | 24 | 7.792 | 10.111 |
| *Вкупно тековни обврски* | | *146.550* | *138.604* |
| *ВКУПНО ОБВРСКИ* | | *226.981* | *213.851* |
| ***ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ*** | | ***2.153.056*** | ***1.927.306*** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

Финансов Директор
Г-ѓа Славица Дреноска

Генерален Директор
Драги Петровски

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
## за годината завршена на 31 Декември 2011 и 2010

(во 000 Денари)

| **2011** | **Акцио-нерски капитал** | **Сопствени акции** | **Резерви за финансис. средства располо-живи за продажба** | **Задол-жителна општа резерва** | **Останати резерви (реинвест ирана добивка** | **Акуму-лирана (задржана) добивка/ загуба** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари 2011** | **738.184** | **(206.630)** | **-** | **197.829** | **120.376** | **863.696** | **1.713.455** |
| Добивка за 2011 година | - | - | - | - | - | 270.024 | 270.024 |
| Останата сеопфатна добивка за 2011 година | - | - | (57.404) | - | - | - | (57.404) |
| Одложен данок | - | - | 5.740 | - | - | - | 5.740 |
| **Вкупно сеопфатна добивка за 2011 година** | **-** | **-** | **(51.664)** | **-** | **-** | **270.024** | **218.360** |
| Поништени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - |
| Намалување на резерви | - | - | 51.664 | (57.404) | - | - | (5.740) |
| Зголемување на резерви | - | - | - | - | - | - | - |
| Покривање на загуба од резерви | - | - | - | (4.184) | - | 4.184 | - |
| Дивиденда за ПИОМ | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденда за други акционери | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | **-** | **-** | **51.664** | **(61.588)** | **-** | **4.184** | **(5.740)** |
| **Состојба на 31 Декември 2011** | **738.184** | **(206.630)** | **-** | **136.241** | **120.376** | **1.137.904** | **1.926.075** |
| **2010** | | | | | | | |
| **Состојба на 1 Јануари 2010** | **738.184** | **(227.546)** | **45.246** | **211.453** | **120.376** | **930.864** | **1.818.577** |
| Загуба за 2010 година | - | - | - | - | - | (45.780) | (45.780) |
| Останата сеопфатна загуба за 2010 година | - | - | (63.897) | - | - | - | (63.897) |
| Одложен данок | - | - | 6.390 | - | - | - | 6.390 |
| **Вкупно сеопфатна загуба за 2010 година** | **-** | | **(57.507)** | **-** | **-** | **(45.780)** | **(103.287)** |
| Надомест за Комисија за ХВ | - | (472) | - | - | - | - | (472) |
| Поништени сопствени акции | - | 21.388 | - | (21.388) | - | - | - |
| Намалување на резерви | - | - | 12.261 | (13.624) | - | - | (1.363) |
| Зголемување на резерви | - | - | - | 21.388 | - | (21.388) | - |
| Дивиденда за ПИОМ | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденда за други акционери | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | **-** | **20.916** | **12.261** | **(13.624)** | **-** | **(21.388)** | **(1.835)** |
| **Состојба на 31 Декември 2010** | **738.184** | **(206.630)** | **-** | **197.829** | **120.376** | **863.696** | **1.713.455** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

## за годината што завршува на 31 Декември 2011 и 2010

(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2011 | | 31 Декември 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Готовински тек од оперативни активности** | | | | | |
| Добивка/Загуба за годината | | 270.024 | | (45.780) | |
| *Корегирано за:* | | | | | |
| Амортизација | 10, 11 | 63.861 | | 63.351 | |
| Отпис на побарувања од купувачите | 7 | 1.668 | | 4.548 | |
| Неотпиш. вредност на матер. сред. | 7 | 1.699 | | - | |
| Неотпишана вредност на основно стадо | | 24.385 | | 29.494 | |
| Расходување и кусоци | | 771 | | 7.285 | |
| Капитална добивка од продажба на обврзници и акции | | (4.047) | | (7.543) | |
| Отпишани обврски | | (207) | | (176) | |
| Приходи од дивиденди | 8 | (1.919) | | (3.492) | |
| Приходи од камати | 8 | (6.894) | | (7.552) | |
| Расходи од камати | 8 | 1.080 | | 6.910 | |
| Залихи | | (89.043) | | 66.098 | |
| Биолошки средства | | (60.461) | | (40.375) | |
| Побарувања | | (42.743) | | 87.725 | |
| Обврски | | 13.130 | | (9.680) | |
| Други усогласувања | | (37.727) | | (24.428) | |
| *Нето готовина од оперативни активности* | | | *133.577* | | *126.385* |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | | | | | |
| Вложувања во други друштва | | - | | (308) | |
| Продажба на основно стадо | | - | | 10.235 | |
| Продажба на материјални средства | | - | | 142 | |
| Примени дивиденди | | 1.919 | | 3.492 | |
| Набавка на материјални средства | | (51.872) | | (13.029) | |
| Аванс за набавка на основни средства | | (22.561) | | | |
| Набавка на биолошки средства | | - | | (598) | |
| Продажба на акции | | - | | 31.401 | |
| *Нето готовина од инвестициони активности* | | | *(72.514)* | | *31.335* |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | | | | |
| Исплатени кредити | | (153.100) | | (135.525) | |
| Примени кредити | | 153.100 | | | |
| Купување на сопствени акции | | - | | - | |
| Исплата на дивиденда | | - | | (1.507) | |
| *Нето готовина од финансиски активности* | | | *0* | | *(137.032)* |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | | | **61.063** | | **20.688** |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период** | | | **23.865** | | **3.177** |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период** | | | **84.928** | | **23.865** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

# 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДРУШТВОТО

ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола (натаму: Друштвото) е акционерско друштво запишано во Трговскиот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) 4167414.

Основна дејност на Друштвото е примарно земјоделско производство од: ниски култури (пченица, јачмен, сончоглед, шеќерна репа, пченка зрно, пченка силажа и друго), одгледување на ситен и крупен добиток, сточарско производство, рибарство и овоштарство. Во својата производна дејност вклучува и производство и доработка на семенски материјал од житни, индустриски и фуражни култури.

Приоритетна дејност според Централен Регистар на Република Македонија е 01.11 Одгледување на жита (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајно семе.

Седиште на Друштвото е на улица Борис Кидрич број 3, Битола.

Структурата на капиталот на Друштвото по родови на акции на 31 Декември 2011 година е: 100 % обични акции, од кои 25,30 % се сопствени акции (2010: 84,61% обични акции, од кои 25,30% се сопствени акции и 15,39% приоритетни акции). Во текот на 2011 Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување изврши продажба на 41.793 приоритетни акции и истите се конвертираа во обични акции со што заклучно со 31.12.2011 година Друштвото поседува 271.602 обични акции.

Друштвото се јавува како основач на Пелагонија Вет ДООЕЛ Кравари каде има запишано влог во износ од 308.200 денари и Пелагонија Развој 2009 ДООЕЛ Могила со влог во износ од 307.100 денари.

# 2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2.1 Основа за подготовка

Друштвото финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи во Република Македонија.

Овие Финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските кои се однесуваат на работењето на Друштвото и ставките се прикажани врз основа на метод на набавна вредност, а за одделни средства по пазарна вредност.

При изготвување на финансиските извештаи, годишната сметка на Друштвото е рекласифицирана, така што содржината и формата на прикажување се променети според начинот на прикажување по Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Финансиските извештаи се прикажани во илјада денари.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Друштвото ќе продолжи да работи во иднина.

## 2.2 Подготовка во услови на инфлација

Поради влијанието на инфлацијата во Финансиските извештаи, менаџментот е со убедување дека Финансиските извештаи на Друштвото би требало да го рефлектираат ефектот од инфлацијата, а со тоа и ефектот од промените во куповната моќ што е во согласност со законските прописи на Република Македонија.

### 2.3 Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Билансот на успехот како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

### 2.4 Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Извештајот за финансиската состојба се следниве:

| Валута | **31 Декември 2011** | | **31 Декември 2010** | |
|---|---|---|---|---|
| 1 EUR | 61,5050 | Денари | 61,5050 | Денари |
| 1 USD | 47,5346 | Денари | 46,3140 | Денари |
| 1 CHF | 50,5964 | Денари | 49,3026 | Денари |

### 2.5 Споредбени показатели

Финансиските извештаи за 2010 година се ревидирани, со што се овозможени споредбени показатели со финансиските извештаи за 2011 година.

## 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 Декември 2011 и 2010.

### 3.1 Материјални средства

#### *3.1.1. Почетно вреднување*

*Материјалните средства* (градежните објекти, постројките и опремата) почетно се вреднуваат по набавна вредност намалена за вкупниот износ на амортизација и вкупниот износ на загуба поради обезвреднување.

#### *3.1.2. Последователни издатоци*

*Издатоците направени за замена на дел* од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Друштвото. Сите други издатоци се признаваат како расход во Билансот на успех во моментот на настанување.

#### *3.1.3. Амортизација*

*Амортизацијата* се пресметува по праволиниска метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на материјалните средства до нивната преостаната вредност. Изградените материјални средства се амортизираат од моментот кога се даваат на користење. Амортизација не се пресметува на земјиштето и инвестициите во тек.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Градежните објекти | 2,5% до 3% |
| Постројки и опрема | 5% до 25% |
| Мебел, возила и останато | 20% до 25% |

### 3.2 Биолошки средства

*Биолошките средства* освен повеќегодишните насади се искажани по пазарна вредност намалена за трошоците за реализација. Трошоците за реализација ги вклучуваат сите трошоци потребни за реализација на средствата, освен транспортните и другите трошоци потребни за да се донесе средството на пазар.

#### *3.2.1. Основно и обртно стадо*

*Основното и обртното стадо* се искажани по пазарна вредност која се темели на пазарна цена на стадото според значајните особини: старост, репродуктивни и генетски особини.

#### *3.2.2. Повеќегодишни насади*

*Повеќегодишните насади* се искажани по набавна вредност намалена за пресметаната амортизација и вредноста заради обезвреднување.

#### *3.2.3. Амортизација на повеќегодишни насади*

*Амортизација на повеќегодишните насади* се пресметува по пропорционална метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на повеќегодишните насади до нивната преостаната вредност. На повеќегодишните насади не им се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба.
Годишните стапки на амортизација се:

| | |
|---|---|
| Повеќегодишни насади | 10% |

### 3.3 Вложувања во хартии од вредност

*Вложувањата во хартии од вредност* вклучуваат вложувања во акции на банки, други финансиски институции и трговски друштва кои се расположиви за продажба.
Кога вложувањето почетно се признава друштвото ги мери според набавната вредност која што е објективна вредност на дадениот надоместок за истите.
По почетното мерење, односно во последователното мерење вложувањата во хартии од вредност се мерат според нивната објективна вредност.

### 3.4 Залихи

*Залихите* се искажуваат по пониската од набавната или нето реализациона вредност. Нето реализациона вредност е проценета продажна цена намалена за проценетите трошоци на доврршување на производството и проценетите трошоци за продажба.

Ожнеаните земјоделски производи се искажуваат по пазарна вредност намалени за проценетите трошоци за реализација на денот на жнеење, утврдена согласно сметководствената политика за биолошките средства (Види сметководствена политика 3.2). Секоја промена на вредноста по датата на жнеењето се признава во Билансот на успех.

Трошоците за набавените материјали се евидентираат според методот на просечни цени.

### 3.5 Побарувања од купувачи и останати побарувања

*Побарувањата од купувачите и останатите побарувања* се водат според набавна вредност намалена за исправката на вредноста на побарувањата кои се сметаат за ненаплативи.

Ненаплативите побарувања, како и побарувањата од каматите што произлегуваат од нив, се базираат на проценката на менаџментот за можноста за нивна наплата.

### 3.6 Парични средства и парични еквиваленти

*Паричните средства и паричните еквиваленти* се состојат од паричните средства во благајни, на жиро сметки, чекови и депозити во банки со рок на достасаност до еден месец.

### 3.7 Акционерски капитал

#### *3.7.1. Приоритетни акции*

*Неоткупливите приоритетни акции* се класифицирани како капитал.

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување поседува 41.793 приоритетни акции, односно 15,39% од вкупниот број издадени акции и 106 обични акции. Приоритетните акции се конвертибилни. До колку Фондот ги продаде, тие стануваат обични акции.

#### *3.7.2. Откуп на сопствени акции*

Во вредноста на откупот на сопствените акции се вклучуваат и трансакционите трошоци. Откупените сопствени акции се класифицираат како трезорски и се презентирани како намалување на капиталот.

#### *3.7.3. Дивиденди*

*Дивидендите* се признаваат како обврски во пресметковниот период кога се објавени.

### 3.8 Обврски за кредити

*Обврските за кредити* почетно се евидентираат според нето примените средства. До колку кредитот се исплати пред периодот на достасаност, разликата меѓу сметководствената вредност и платениот износ, веднаш се признава во Билансот на успех.

Главните извори на кредити се банки од земјата.

Сите кредити изразени во странска валута се искажани во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот под кој се изготвува Извештајот на финансиска состојба.

Сите износи кои доспеваат за плаќање во рок од 12 месеци од денот под кој се изготвува Извештајот на финансиска состојба се класифицираат како тековни обврски.

### 3.9 Обврски спрема добавувачи и останати обврски

*Обврските спрема добавувачи и останатите обврски* се евидентираат според набавна вредност.

### 3.10 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Данокот на добивка по стапка од 10% се плаќа на непризнатите расходи кои се состојат од оданочиви расходи и помалку искажани приходи и расходи и помалку искажани приходи од поврзани субјекти, намалени за расходите со одложено плаќање (даночен кредит). Данок на добивка по стапка од 10% се плаќа и во моментот на исплата на дивидендата и друга распределба од добивката во согласност со законските прописи во Република Македонија.

### 3.11 Приходи од продажба

*Приходот од продажба* на производи се признава кога значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постојат значајни неизвесности за наплатата и можно враќање на производите. Приходите од извршените услуги се признаваат во Билансот на успех до степен на завршеност на услугите на денот на составување на финансиските извештаи.

Приходите од продажба на производи и стоки ја опфаќаат нивната фактурирана вредност.

### 3.12 Субвенции

*Субвенции* од државата кои се однесуваат на биолошките средства се признаваат во Билансот на успех како приход кога постои разумна основа дека истите ќе бидат примени.

### 3.13 Приходи од закупнина

*Приходите од оперативен закуп* се признаваат во Билансот на успех само за соодветниот пресметковен период.

### 3.14 Приходи и расходи од финансирање

*Приходите и расходите од финансирање* ги вклучуваат приходите и расходите од камати, курсни разлики и дивиденди.

Приходите од камата се признаваат во Билансот на успех кога се пресметуваат.

Приходот од дивиденда се евидентира кога е објавена дивидендата.

Каматите и другите трошоци се признаваат како расход во периодот во кој настануваат.

## 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | 1.023.323 | 759.228 |
| Приходи од наемнина | 393 | 408 |
| *Вкупно реализација* | *1.023.716* | *759.636* |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

Останатите приходи од дејноста се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Субвенции од државата | 63.967 | 43.853 |
| Капитална добивка од продажба на хартии од вредност и основни средства | 4.047 | 7.543 |
| Останати приходи | 14.681 | 3.580 |
| *Вкупно останати приходи од дејноста* | *82.695* | *54.976* |

Во 2011 година на друштвото му се исплатени субвенции од страна на државата во износ од 63.967 илјади денари (2010: 43.853 илјади денари) за засеани површини со житни култури (пченица, јачмен и друго), производство на млеко, производство на сертифициран семенски материјал и друго.

Капиталната добивка во вкупен износ од 4.047 илјади денари е од продажба на обврзници од денационализација.

Останати приходи од дејноста во износ од 14.681 илјади денари се приходи врз основа на наплатени штети во износ од 2.048 илјади денари, приходи од дополнително одобрени попусти во износ од 11.522 илјади денари и други приходи.

## 6. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците за вработените се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Плати и надомести | 150.625 | 147.514 |
| Придонеси и даноци од плати | 69.608 | 68.302 |
| Останато | 26.045 | 21.876 |
| *Вкупно трошоци за вработените* | *246.278* | *237.692* |

Останатите трошоци на вработените претставуваат трошоци за регрес за годишен одмор во износ 9.514 илјади денари (2010: 4.677 илјади денари), отпремнина за пензија и технолошки вишок во износ од 13.214 илјади денари (2010: 14.476 илјади денари) и останати надомести на трошоците на вработените.

Просечниот број на вработени во текот на 2011 година изнесува 757 лица (2010: 805).

## 7. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

Останатите расходи од дејноста се состојат од следното (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2011** |
|---|---|---|
| Потрошена енергија | 151.642 | 132.217 |
| Закупнина за земјиште | 57.480 | 40.880 |
| Услуги за одржување и заштита | 4.368 | 3.380 |
| Трошоци за наводнување | 10.653 | 10.840 |
| Други неспоменати услуги | 1.969 | 1.099 |
| Транспортни услуги | 18.524 | 9.365 |
| Трошоци за спонзорства пропаганда и реклама | 3.446 | 9.636 |
| Отпис на побарувања | 1.668 | 4.548 |
| Даноци, придонеси членарини и други даноци кои не зависат од резултатот | 629 | 405 |
| Неотпишана вредност на постојани средства вон употреба | 1.699 | 91 |
| Останати расходи | 63.236 | 68.433 |
| *Вкупно останати расходи од дејноста* | *315.314* | *280.894* |

Останатите расходи претставуваат нето ефект од неотпишаната вредност на продаденото основно стадо во износ од 24.385 илјади денари и приходите од продажба на основно стадо во износ од 7.764 илјади денари, нето ефект од трошоците за резервни делови во износ од 50.672 илјади денари, потрошени помошни материјали во износ од 15.191 илјади денари, отпис на автогуми во употреба во износ од 7.207 илјади денари, кало растур на залихите во износ од 5.639 илјади денари и други трошоци со приходите врз основа на употреба на сопствени производи во износ од 65.446 илјади денари и приходи од прираст на основно стадо во износ од 24.448 илјади денари и други приходи.

## 8. НЕТО ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

Нето приходите од финансирање се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 6.894 | 7.552 |
| Расходи од камати | (1.080) | (6.910) |
| Приходи од дивиденди | 1.919 | 3.492 |
| Негативни курсни разлики - нето | (216) | (910) |
| *Вкупно нето приходи од финансирање* | *7.517* | *3.224* |

## 9. ДАНОК НА ДОБИВКА

Данокот на добивка по стапка од 10% се плаќа на непризнатите расходи кои се состојат од оданочиви расходи и помалку искажани приходи и расходи и помалку искажани приходи од поврзани субјекти, намалени за расходите со одложено плаќање (даночен кредит). Данок на добивка по стапка од 10% се плаќа и во моментот на исплата на дивидендата и друга распределба од добивката во согласност со законските прописи во Република Македонија.

## 10. НЕДВИЖНОСТИ ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА И АВАНСИ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Недвижностите постројките и опремата се состојат од следново (во 000 денари):

| **2011** | **Земјиште** | **Градежни објекти** | **Постројки и опрема** | **Мебел возила и други средства** | **Средства во подготовка** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2011* | *27.148* | *815.780* | *1.553.669* | *278.424* | *2.906* | *2.677.927* |
| Зголемувања | 1.893 | 4.316 | 28.817 | 9.570 | 73.018 | 117.614 |
| Намалувања | - | (2.312) | (10.673) | (4.551) | (43.552) | (61.088) |
| *Салдо на 31 Декември 2011* | *29.041* | *817.784* | *1.571.813* | *283.443* | *32.372* | *2.734.453* |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2011* | - | *433.837* | *1.310.417* | *260.243* | - | *2.004.497* |
| Амортизација за 2011 | - | 17.390 | 39.264 | 6.450 | - | 63.104 |
| Намалувања | - | (1.595) | (9.256) | (3.985) | - | (14.836) |
| Зголемување | - | - | - | - | | - |
| *Салдо на 31 Декември 2011* | - | *449.632* | *1.340.425* | *262.708* | - | *2.052.765* |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2011*** | ***29.041*** | ***368.152*** | ***231.388*** | ***20.735*** | ***32.372*** | ***681.688*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2011*** | ***27.148*** | ***381.943*** | ***243.252*** | ***18.181*** | ***2.906*** | ***673.430*** |
| **2010** | | | | | | |
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2010* | *26.956* | *818.779* | *1.556.697* | *278.215* | *10.020* | *2.690.667* |
| Зголемувања | 192 | 1.247 | 2.597 | 2.849 | 7.515 | 14.400 |
| Намалувања | - | (4.246) | (5.625) | (2.640) | (14.629) | (27.140) |
| *Салдо на 31 Декември 2010* | *27.148* | *815.780* | *1.553.669* | *278.424* | *2.906* | *2.677.927* |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2010* | - | *420.643* | *1.276.199* | *257.394* | - | *1.954.236* |
| Амортизација за 2010 | - | 17.440 | 39.500 | 5.488 | - | 62.428 |
| Намалувања | - | (4.246) | (5.341) | (2.639) | - | (12.226) |
| Зголемување | - | - | 59 | - | - | 59 |
| *Салдо на 31 Декември 2010* | - | *433.837* | *1.310.417* | *260.243* | - | *2.004.497* |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2010*** | ***27.148*** | ***381.943*** | ***243.252*** | ***18.181*** | ***2.906*** | ***673.430*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2010*** | ***26.956*** | ***398.136*** | ***280.498*** | ***20.821*** | ***10.020*** | ***736.431*** |

Друштвото е корисник на 18.318 ха земјоделско земјиште од кои 17.488 ха е во сопственост на Република Македонија, дел од 321 ха се води како имот на физички лица а се користи од Друштвото, 413 ха се приватни парцели во блок во ПЕ Породин, 9 ха се површини за кои се плаќа закупнина и 87 ха земјиште се во негова сопственост.

За користење на земјоделското земјиште на 15.10.1998 година склучен е договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за долгорочен закуп на земјоделското земјиште и анекс договори од 08.12.2005 година, 09.05.2008, 20.08.2008 година и 13.05.2010 година (Анекс број 4). Со одредбите на анекс договорот е регулирана висината на закупнината за користеното земјоделско земјиште и тоа:

- ✓ во ридско - планинските подрачја се плаќа по 100 кгр пченица по хектар изразена во денарска противредност и
- ✓ за рамничарските подрачја се плаќа по 300 кгр пченица по хектар изразена во денарска противредност.

Помеѓу површините под закуп кои се во сопственост на Република Македонија од 17.488 ха и закупот кој се плаќа по анекс на договорот од 13.05.2010 (Анекс број 4) за закуп 17.660 ха, постои разлика од 172 ха за земјиште кое со денационализација им е вратено на приватни лица од страна на Република Македонија, а за која површина не е потпишан нов анекс на договорот.

Зголемувањето на земјиштето во износ од 1.893 илјади денари се должи на зголемување на земјоделско земјиште во износ од 1.004 илјади денари и градежно земјиште во износ од 889 илјади денари.

Зголемувањето на земјоделското земјиште во вкупен износ од 1.004 илјади денари е врз основ на добиени судски спорови и тоа:

- ✓ за КП бр. 631/2 со површина од 298 $м^2$ и КП бр. 633/2 со површина од 2.417 $м^2$, двете во КО Породин
- ✓ за дел од стара КП бр. 1151, односно нов КП бр. 2829 нива трета класа со површина од 5.674 $м^2$ и КП бр. 3229 нива трета класа во површина од 3.227 $м^2$ двете во КО Бернанци.

Зголемувањето на градежното земјиште се должи на купување (стекнување) на градежно неизградено земјиште во површина од 11.987 $м^2$ од јужна индустриска зона -Жабени, во сопственост на РМ, по пат на јавно наддавање.

Дел од недвижностите (градежните објекти), кои Друштвото ги поседува се евидентирани во имотни листови со право на сопственост, и тоа во: Мешкоица, Говедарска фарма - Породин, Свињарска фарма - Породин, Говедарска фарма - Новаци, Говедарска фарма - Радобор, ПЕ - Породин, Фурна - Породин, ЗУРС - Кукуречани, Генерална дирекција - Битола, ЦМР Транспорт - Битола, Сладара - Прилеп, Говедарска фарма - Кременица, Рибник - Породин итн. Постапка за запишување на сопственоста врз недвижностите (градежните објекти) и понатаму продолжува со изработка на Геодетски елаборати за снимање и етажен премер на објектите кои ги поседува Друштвото.

Заради обезбедување на Договор број 08-235/2 од 31.01.1996 година за одобрување на долгорочен кредит од Стопанска банка АД Битола во износ од 60.905 илјади денари со рок на враќање на 15.03.2020 година, Друштвото има хипотека на недвижен имот во корист на банката (Види белешка 20).

Авансите за материјални средства во вкупен износ од 22.816 илјади денари во најголем дел се кон Синпекс од Битола во износ од 20.993 илјади денари за набавка на трактори, комбајни, хедери и опрема.

## 11. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

Биолошките средства се состојат од следново (во 000 денари):

| **2011** | **Недовршени земјоделски производи** | **Основно стадо** | **Обртно стадо** | **Повеќе-годишни насади** | **Средства во подготовка** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2011 | 282.954 | 91.025 | 37.819 | 2.660 | 530 | 414.988 |
| Зголемување како резултат на набавки | - | - | - | - | 208 | 208 |
| Намалување како резултат на продажби | - | (6.835) | (224.724) | - | - | (231.559) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | (1.005.364) | - | - | - | - | (1.005.364) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 1.070.279 | 6.541 | 220.270 | - | - | 1.297.090 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | - | - | - | (757) | - | (757) |
| ***Состојба на 31 Декември 2011*** | **347.869** | **90.731** | **33.365** | **1.903** | **738** | **474.606** |
| *Нетековни средства* | - | *90.731* | - | *1.903* | *738* | *93.372* |
| *Тековни средства* | *347.869* | - | *33.365* | - | - | *381.234* |
| ***Вкупно биолошки средства*** | **347.869** | **90.731** | **33.365** | **1.903** | **738** | **474.606** |
| **2010** | | | | | | |
| Состојба на 1 Јануари 2010 | 241.155 | 88.879 | 39.243 | 3.583 | - | 372.860 |
| Зголемување како резултат на набавки | - | 507 | - | - | 530 | 1.037 |
| Намалување како резултат на продажби | - | (8.777) | (216.658) | - | - | (225.433) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | (636.483) | - | - | | - | (636.483) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 678.282 | 10.416 | 215.234 | - | - | 903.932 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | - | - | - | (923) | - | (923) |
| ***Состојба на 31 Декември 2010*** | **282.954** | **91.025** | **37.819** | **2.660** | **530** | **414.988** |
| *Нетековни средства* | - | *91.025* | - | *2.660* | *530* | *94.215* |
| *Тековни средства* | *282.954* | - | *37.819* | - | - | *320.773* |
| ***Вкупно биолошки средства*** | **282.954** | **91.025** | **37.819** | **2.660** | **530** | **414.988** |

Основното стадо прикажано на 31 Декември 2011 година се состои од 2.530 молзни крави, високо стелни јуници и телиња (2010: 2.569); 451 нерези, маторици и назимки (2010: 491) и 3.629 овни, овци, ѕвиски, шилежиња, приплодни јагниња, кози и прчови (2010: 4.571). Во текот на годината завршена на 31 Декември 2011 година, Друштвото има продадено 122 молзни крави, високо стелни јуници и телиња (2010: 181); 125 нерези, маторици и назимки (2010: 106); 418 овни, овци, ѕвиски, шилежиња и приплодни јагниња (2010: 442).

Обртното стадо прикажано на 31 Декември 2011 година се состои од 634 телиња (2010: 620); 3.798 товеници и прасиња (2010: 3.690); 467 дојни јагниња и јариња (2010: 363) и 57.245 килограми риба (2010: 107.853).

Во текот на годината завршена на 31 Декември 2011 година, Друштвото има продадено 334 телиња (2010: 377); 5.779 товеници и прасиња (2010: 5.194) и 2.053 дојни јагниња (2010: 2.315).

На 31 Декември 2011 година Друштвото има засеано 12.605 хектари есенски (2010: 11.790), 4.192 хектари пролетни полјоделски култури (2010: 4.735) и 777 хектари повеќегодишни насади (2010: 650). Во текот на годината Друштвото има ожнеано есенски и пролетни поледелски култури со пазарна вредност од 1.005.364 илјади денари (2010: 636.483).

## 12. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Вложувањата во долгорочни финансиски средства се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Вложувања во акции расположиви за продажба | 230.479 | 287.882 |
| Вложувања во удели на подружници | 615 | 615 |
| *Вкупно вложувања во долгорочни финансиски средства* | *231.094* | *288.497* |

Акциите расположиви за продажба се вреднувани по објективна вредност (Види Белешка 3.3).

Вложувањето во акции според Извештајот за имател на состојба добиен од Централниот депозитар за хартии од врдност се во следните друштва:

| | **31 Декември 2011** | | **31 Декември 2010** | |
|---|---|---|---|---|
| | **број на акции** | **номинална вредност** | **број на акции** | **номинална вредност** |
| Жито Полог АД Тетово (обични) | 21.007 | 51.13 | 21.007 | 51.13 ЕУР |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.781 | 3.000 | 82.781 | 3000 МКД |
| Централна Кооперативна Банка АД Скопје (обични) | 265 | 43,46 | 265 | 43.46 ЕУР |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 51,13 | 4.245 | 51.13 ЕУР |
| Жито Лукс АД Скопје (приоритетни) | 1.856 | 35,79 | 1.856 | 35.79 ЕУР |
| Карномак АД Битола (обични) | 10.510 | 1 | 10.510 | 1 ЕУР |

Вложувања во акции прикажани по последна цена од Македонската берза на хартии од вредност во (000 денари) се:

| | **31 Декември 2011** | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно** |
| Жито Полог АД Тетово (обични) | 21.007 | 2.400 | 50.417 |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.781 | 2.096 | 173.509 |
| Централна Кооперативна Банка АД Скопје (обични) | 265 | 790 | 210 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 1.200 | 5.094 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 560 | 1.039 |
| Карномак АД Битола (обични) | 10.510 | 20 | 210 |
| *Вкупно вложувања во акции* | | | *230.479* |

| | 31 Декември 2010 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно** |
| Жито Полог АД Тетово (обични) | 21.007 | 1.900 | 39.914 |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.781 | 2.890 | 239.237 |
| Централна Кооперативна Банка АД Скопје (обични) | 265 | 1.000 | 265 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 1.700 | 7.217 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 560 | 1.039 |
| Карномак АД Битола (обични) | 10.510 | 20 | 210 |
| *Вкупно вложувања во акции* | | | *287.882* |

Друштвото има удел во Пелагонија Развој 2009 ДООЕЛ Могила во износ 307 илјади денари и Пелагонија Вет ДООЕЛ с. Кравари во износ од 308 илјади денари.

Друштвото има преовладувачко влијание во следните друштва: Пелагонија Развој 2009 ДООЕЛ Могила со 100% влог и Пелагонија Вет ДООЕЛ с. Кравари со влог од 100% (Види Белешка број 25).

Друштвото има учеството во основната главнина на Жито Полог 37,51% (2010: 37,51%).

Учеството во основната главнина на Стопанска Банка АД Битола е 21,24% (2010: 21,24%).

Друштвото согласно Извештајот за имател на состојба од Централен Депозитар за Хартии од вредност има вкупно 82.781 акции на Стопанска банка АД Битола од кои според Решение број 3495 од гувернерот на Народна Банка на РМ, 63.381 акции не му носат право на глас и право на исплата на дивиденда.

## 13. ЗАЛИХИ

Залихите се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Материјали | 75.261 | 40.191 |
| Резервни делови | 73.420 | 70.666 |
| Ситен инвентар | 27.390 | 25.080 |
| Земјоделски производи | 192.993 | 144.106 |
| Вредносно усогласување на залихите | (1.019) | (1.041) |
| *Вкупно залихи* | *368.045* | *279.002* |

## 14. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Краткорочните побарувањата и краткорочните финансиски средства се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 183.595 | 208.753 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 18.660 | 11.699 |
| Побарувања за дадени аванси | 791 | 863 |
| Побарување за данок на додадена вредност | 7.325 | 4.487 |
| Побарувања од државата | 8.103 | 12.961 |
| Други побарувања | 28.384 | 28.046 |
| Побарувања за краткорочни заеми | 66.131 | 4.200 |
| Исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања од купувачи | (19.724) | (20.310) |
| Вредносно усогласување на краткорочни заеми и други побарувања | (4.360) | (4.360) |
| *Вкупно побарувања од купувачи и други побарувања* | *288.905* | *246.339* |

Другите побарувања во износ од 28.384 илјади денари во најголем дел се побарувања по Договор за преземање на долг и Договор за регулирање на меѓусебните побарувања и обврски склучен со Акционерското друштво кланица со ладилник ЖИ-ВА АД Штип во износ од 26.847 илјади денари (Види Белешка 28).

Побарувањата за краткорочни заеми во бруто износ од 66.131 илјади денари (нето износ од 62.000 илјади денари) се врз основа на договори за позајмици со правни лица.

## 15. ДЕПОЗИТИ ОРОЧЕНИ ВО БАНКИ НА И НАД ТРИ МЕСЕЦИ

Депозитите орочени во банки на и над три месеци според каматните стапки и според рокот се следниве (во 000 денари):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Депозити орочени во банка: | | |
| - над три месеци (Тетекс Кредитна банка) | 450 | 450 |
| *Вкупно депозити во банки орочени на и над три месеци* | *450* | *450* |

## 16. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Паричните средства и парични еквиваленти се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2011 | 31 Декември 2010 |
|---|---|---|
| Благајна | 71 | 152 |
| Жиро сметка | 7.709 | 23.710 |
| Државни обврзници | 7.648 | 3 |
| Депозит орочен до 1 месец | 69.500 | - |
| *Вкупно парични средства* | *84.928* | *23.865* |

## 17. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИТЕ

### 17.1 Акции по родови и сопственост

Акциите по родови и сопственост се следниве:

| Родови на акции | Во сопственост на | Состојба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2011** | | **01.01.11** | **%** | **зголем.** | **намал.** | **31.12.11** | **%** |
| *Обични акции* | Физички лица | 86.576 | 31,87 | - | 36.741 | 49.835 | 18,35 |
| | Правни лица | 74.522 | 27,44 | 78.534 | - | 153.056 | 56,35 |
| | Откупени сопствени акции | 68.711 | 25,30 | - | - | 68.711 | 25,30 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,39 | - | 41.793 | - | 0,00 |
| | ***Вкупно*** | ***271.602*** | ***100%*** | | | ***271.602*** | ***100%*** |

| **2010** | | **01.01.10** | **%** | **зголем.** | **намал.** | **31.12.10** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Обични акции* | Физички лица | 83.389 | 29,93% | 3.187 | - | 86.576 | 31,87 |
| | Правни лица | 77.709 | 27,89% | - | 3.187 | 74.522 | 27,44 |
| | Откупени сопствени акции | 75.729 | 27,18% | - | 7.018 | 68.711 | 25,30 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,00% | - | - | 41.793 | 15,39 |
| | ***Вкупно*** | ***278.620*** | ***100%*** | | | ***271.602*** | ***100%*** |

Обичните акции се со номинална вредност од 52,45 евра според Акционерската книга, Извештајот за имател со состојба на 31.12.2011 од Централен Депозитар за Хартии од вредност и Тековната состојба од Централен регистар на РМ.

Имателите на обични акции имаат право на дел од остварената добивка (дивиденда) и добиваат право на еден глас на Собранието на акционери за еквивалент од 1 акција.

Во однос на сопствените акции поседувани од Друштвото (види подолу) сите права мируваат до моментот на нивната повторна продажба.

На 31 Декември 2010 година вкупниот број на неоткупливи приоритетни акции изнесува 41.793 во посед на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Во текот на 2011 година Фондот за пензиско и инвалидско осигурување изврши продажба на приоритетните акции и истите согласно Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал се конвертираа во обични акции.

### 17.2 Резерва за сопствени акции

Резервата за сопствени акции на Друштвото ја сочинува набавната вредност на акциите во сопственост на Друштвото. На 31 Декември 2011 година Друштвото има во посед 68.711 сопствени акции (2010: 68.711).

Во 2011 година, донесена е Пресуда ПРК - 1008/11 од страна на Основниот суд во Битола, со која Друштвото е прогласено за виновно за сторен прекршок, заради неотпочнување на постапка за оттуѓување/продажба на стекнатите сопствени акции, во законскиот рок од три години, кои изнесуваат над една десетина од основната главнина. По основ на Пресудата, Друштвото има поднесено жалба за враќање на предметот на првостепениот суд заради повторно одлучување, бидејќи според приложените докази, Друштвото смета дека нема сторено прекршок од членот 605 став 1 од ЗТД, бидејки истото во законскиот рок, на двапати ја отпочнало постапката за отуѓување на сопствените акции, но истата постапка не е завршена поради недобивање на одобрение од страна на Комисијата за хартии од вредност.

### 17.3 Задолжителна општа резерва

Друштвото издвојува задолжителна општа резерва која се формира по пат на зафаќање од добивката. Оваа резерва се пресметува и издвојува како процент утврден со Законот за трговските друштва или Статутот на Друштвото кој не може да биде помал од 15% од добивката, се додека резервите на Друштвото не достигнат износ кој е еднаков на една петтина од основната главнина. Додека не се постигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи само за надоместување на загубата.

Кога ќе се достигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи и за исплата на дивиденди, врз основа на одлука на надлежниот орган на Друштвото, но само ако висината на дивидендите за деловната година не го достигне минимумот за исплата, пропишан со Законот за трговските друштва или Статутот на Друштвото.

## 18. ЗАГУБА/ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Загубата/заработката по акција е следнава (во денари):

**Загуба/добивка расположива за имателите на обични акции и дивиденда на приоритетни акции (во 000 денари):**

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Загуба/Добивка за годината | 270.024 | (45.780) |
| Дивиденда на приоритетни акции | - | - |

**Просечен број на обични акции**
(во број на акции):

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| *Издадени обични акции на 1 Јануари* | *161.098* | *161.098* |
| Ефект од откупени сопствени акции | - | - |
| Конверзија на приоритетни во обични акции | 3.483 | - |
| *Просечен број на обични акции на 31 Декември* | *164.581* | *161.098* |
| **Загуба(заработка) по акција = (загуба (добивка) -дивиденда на приоритетни акции)/ просечен број на обични акции)** | ***1.640,67*** | ***(284,17)*** |

## 19. КОМПОНЕНТИ ОД ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА

### 19.1 Обелоденување на компоненти од останата сеопфатна добивка/загуба (во 000 денари)

| | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| Промени во ревалоризациони резерви за долгорочни материјални и нематеријални средства | - | - |
| Промена во објективна вредност на финансиски средства расположиви за продажба | | |
| Добивки/загуби кои произлегуваат во текот на годината | (57.404) | (63.897) |
| Намалено за: | | |
| Корекција за рекласификација за признати добивки/загуби вклучени во Билансот на успех | - | - |
| Останата сеопфатна загуба/добивка | (57.404) | (63.897) |
| Данок на добивка кој се однесува на компоненти од останата сеопфатна добивка/загуба | 5.740 | 6.390 |
| **Останата сеопфатна загуба - нето** | **(51.664)** | **(57.507)** |

### 19.2 Обелоденување на даночни ефекти кои се однесуваат на секоја компонента од останата сеопфатна добивка/загуба (во 000 денари)

| | 2011 | | | 2010 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ пред оданочување** | **Приход/ расход за данок** | **Износ нето** | **Износ пред оданочување** | **Приход/ расход за данок** | **Износ нето** |
| Промена во објективна вредност на финансиски средства расположиви за продажба | (57.404) | 5.740 | (51.664) | (63.897) | 6.390 | (57.507) |
| **Останата сеопфатна добивка/загуба за годината** | (57.404) | 5.740 | (51.664) | (63.897) | 6.390 | (57.507) |

## 20. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА КРЕДИТИ

Долгорочните обврски за кредити се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2011 | 31 Декември 2010 |
|---|---|---|
| ТТК Банка АД Скопје | 2.000 | 2.000 |
| Комерцијална Банка АД Скопје | 2.400 | 2.400 |
| Стопанска Банка АД Битола | 60.905 | 60.905 |
| Банка за надворешна трговија во стечај | 333 | 333 |
| *Вкупно долгорочни обврски за кредити* | *65.638* | *65.638* |

Условите и отплатата на обврските се за:

| | Вкупно | Под една година | 1-2 година | Над 5 години |
|---|---|---|---|---|
| Долгорочни кредити од банки: | | | | |
| - МКД +2,5% фиксна провизија (2010: иста) | 65.305 | - | - | 65.305 |
| *Вкупно:* | *65.305* | | | *65.305* |

Долгорочните кредити од банки се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија.
Кредитите конверзирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%. Долгорочниот кредит кон Стопанска банка АД Битола во износ од 60.905 илјади денари е обезбеден со хипотека на недвижности (Види белешка 10).
Од вкупните обврски за долгорочни кредити 65.638 илјади денари (2010: 65.638 илјади денари) 60.905 илјади денари претставуваат кредити од поврзани субјекти (Види белешка 25).

## 21. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИ

Долгорочните обврски кон вработени во износ од 14.793 илјади денари се согласно Програмата на Друштвото за надминување на економско-финансиските потешкотии и воведување економки, организациони, технолошки, структурни и други промени од деловни причини. Соглсно Програмата, Друштвото ќе исплаќа испратнини во висина согласно член 97 став 1 од Законот за работни односи и член 50 од Колективниот договор на вработените во Друштвото, како и стимулативни испратнини согласно член 51 од Колективниот договор на вработените во Друштвото. Според Програмата обврските на Друштвото треба да се исплатат заклучно со 2016 година, по следната динамика (во 000 денари):

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Обврски кон вработени за испратнини за технолошки вишок | 5.841 | 4.782 | 3.032 | 1.138 | 14.793 |

Обврските кон вработени за испратнини за технолошки вишок за 2012 година се искажани како краткорочни (тековни) обврски.

## 22. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ДРУГИ ОБВРСКИ

Обврски спрема добавувачите и други обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2011 | 31 Декември 2010 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 106.403 | 85.158 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 3.392 | 15.809 |
| Обврски спрема поврзани субјекти | 2.767 | 4.101 |
| Обврски за примени аванси | 284 | 1.059 |
| Обврски кон вработени и други обврски | 23.574 | 18.384 |
| Обврски за дивиденди | 604 | 655 |
| Обврски за данок на добивка | - | 1.772 |
| Останато | 1.734 | 1.555 |
| *Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи и други обврски* | *138.758* | *128.493* |

Во 2011 година не е извршена контрола на даноците од страна на Управата за јавни приходи на Република Македонија кај Друштвото.

## 23. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања во вкупен износ од 7.792 илјади денари се во најголем дел пресметани приходи врз основа на поднесени барања до Министерството за земјоделие на Република Македонија за уништено заболено основно и обртно стадо од бруцелоза во износ од 7.697 илјади денари.

## 24. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

### 24.1 Потенцијални обврски

Друштвото е вклучено во судски постапки во кои се јавува како тужена страна со правни и физички лица. Спорот со Водостопанство Пелагонија во износ од 24.457 илјади денари е уважен на 17.469 илјади денари и платен во 2011 година а во 2012 година остануваат каматите и судските трошоци. Споровите со физички лица кои се во тек во износ од 1.193 илјади денари се во врска со закупнина, предавање во владение, штета, надомест за земја и друго.

Менаџментот на Друштвото нема направено проценка на идните можни потенцијални загуби во врска со ваквите судски спорови со оглед на должината и неизвесноста на овие судски спорови.

### 24.2 Потенцијални побарувања

Друштвото води судски постапки во кои се јавува како тужител во вкупен износ од 28.317 илјади денари.

## 25. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

### 25.1 Идентификација на поврзани субјекти

Друштвото остварува трансакции со поврзани субјекти со друштвата во кое тоа има можност значајно да влијае при донесувањето на финансиските и оперативните одлуки. Можноста значајно да се влијае при донесувањето на финансиските и оперативните одлуки се остварува преку застапеност во Одборот на Директори.

Друштвото поседува вкупно 82.781 обични акции од Стопанска Банка АД Битола од кои согласно Решение број 3495 од гувернерот на НБРМ, 63.381 акции не носат право на глас и право на исплата на дивиденда.

Учеството во капиталот во поврзаните субјекти е следново:

| | **31 Декември 2011** | **31 Декември 2010** |
|---|---|---|
| Стопанска банка АД - Битола | 21,24% | 21,24% |
| Жито Полог АД - Тетово | 37,51% | 37,51% |
| Пелагонија Развој 2009 ДООЕЛ - Могила | 100% | 100% |
| Пелагонија Вет ДООЕЛ с. Кравари | 100% | 100% |

Друштвото остварува трансакции со поврзани субјекти и има можност значајно да влијае врз донесувањето на финансиските и оперативните одлуки на Друштвото преку застапеност во Одборот на Директори.

Трансакциите со поврзани субјекти се извршуваат според нормални комерцијални услови кои не се поповолни од оние за останатите субјекти, освен доколку поинаку не е наведено во овој извештај.

### 25.2 Трансакции со поврзани субјекти

Во 2011 година остварени се 12,74% (2010: 14,32%) од вкупните продажби и 3,72% (2011: 2,31%) од вкупните набавки.

Вкупната остварена дивиденда за 2011 година изнесува 1.919 илјади денари (2010: 3.492 илјади денари).

Побарувањата и обврските кон поврзаните субјекти се прикажани во Белешките: 12, 14, 20, 22 и 23.

## 26. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### 26.1 Валутен и кредитен ризик

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради набавка и продажба на добра. Овие набавки се искажани во странски валути. Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.
До денот на составување на Извештајот на финансиската состојба немаше значајна концентрација на кредитен ризик.

## 28. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Согласно Нотарски акт ОДУ број 64/12, Договор за регистриран залог врз акции и Договор за регулирање на меѓусебните побарувања и обврски со Акционерското друштво кланица со ладилник ЖИ-ВА АД Штип од 29.02.2012 година побарувањето во износ од 26.847 илјади денари е обезбедено со залог на 8788 обични акции издадени од ЗК Пелагонија АД Битола а сопственост на ЖИ-ВА АД Штип. Договорот за залог ќе биде извршлив по пристигањето на обврските најкасно до 31.03.2012 година.